АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 08 - 165/1 (бр 2024г)
23 . 01 . 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ДО**

**ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИТЕ ДРУШТВА**

**Предмет: Дополнителни појаснувања во врска со содржината на Циркуларен допис бр. 08-841/1 од 10.12.2024 година доставен до осигурителните брокерски друштва**

Почитувани,

Со цел промовирање на етичко однесување во согласност со добрите деловни практики и деловна етика, зајакнување на професионалните и меѓусебните односи со клиентите, градење на однос на доверба и подигнување на општото ниво на деловна и колегијална соработка, задолжително почитувајќи ги економските принципи на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на осигурување со циркуларни дописи од 10.12.2024 година им укажа на осигурителните брокерски друштва и друштвата за осигурување на доследна и целосна примена на добри деловни практики во согласност со Законот за супервизија на осигурување кои осигурително брокерските друштва и друштвата за осигурување се должни да ги применуваат во своето деловно работење, а кои се однесуваат на нивните односи со клиенти/осигуреници, нивните односи со друштвата за осигурување, како и практики во вршењето осигурително брокерски работи.

Во врска со добиениот циркуларен допис, на 20.12.2024 година, Асоцијацијата на Осигурително брокерски друштва при Стопанската Комора на Северна Македонија (во понатамошниот текст: Асоцијација) до Агенцијата за супервизија на осигурување достави допис со кој изнесе свои тврдења и даде своја перспектива во врска со законската издржаност и применливост на укажувањата на Агенцијата.

Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување со особено внимание го разгледа добиениот допис и изнесените тврдења на Асоцијацијата и дополнително организираше средба со претставници на

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Асоцијацијата на која детално беа елаборирани тврдењата и аргументите и од страна на Асоцијацијата по што се заклучи следното:

Агенцијата останува на укажувањата дадени во циркуларните дописи доставени до осигурително брокерските друштва и друштвата за осигурување со оглед дека истите се во согласност со правилата за вршење осигурително брокерски работи регулирани со Законот за супервизија на осигурување и истите имаат за цел поголема заштита на интересите на осигурениците и останатите корисници на осигурување.

Со цел обезбедување на дополнително време за усогласување со укажувањата, имајќи ги предвид барањата на Асоцијацијата, Агенцијата известува дека рокот за усогласување со укажувањата наведени во циркуларниот допис и рокот за доставување документи до Агенцијата наместо 31.1.2025 се пролонгира на **30.4.2025 година**. Ова се однесува на оние осигурителни брокерски друштва чие работење отстапува од законските барања и принципи на дејноста.

Уште еднаш би сакале да напомениме дека дадените укажувања на Агенцијата немаат намера и цел да ја отежнат работата на брокерите односно брокерските друштва, туку истите преку доследна примена на законските одредби имаат за цел да ја унапредат осигурително брокерската професија и да ја издигнат на повисоко професионално ниво.

За какви било други појаснувања стоиме на располагање.

Со почит,

**Претседател на Совет на експерти,**
Ели Дракуловска

**Извршни членови на Совет на експерти:**
Александра Дранговска
Горан Здравковски